ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР. 02-465/5
21.07.2021 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на Заклучокот од 50-та седница на Влада на Република Северна Македонија, точка 83, а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата, ЈП" Стрежево" – Битола донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА**
**ЗА 2021 година**

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен или развиеност заради што постојано се вложуваат напори за подигнување на свеста за корупцијата и за нејзиното влијание врз општеството/граѓаните. За сузбивње на корупцијата како општествено зло, вработените во јавните претпријатија треба да бидат убедени дека злоупотребата во институциите односно незаконитото дејствување не треба да се толерира и да бидат убедени во принципот на нулта толераниција кон корупцијата.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг". Поимот „ризик од корупција" дефинира кој било вид на внатрешна или иадворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државните органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

Јавното претпријатие "Стрежево" - Битола ќе ги врши следните дејности:
36.00 - Собирање , обработка и снабдување со вода
01.61 - Помошни дејности за одгледување на посеви
35.11 - Производство на електрична енергија
42.91 - Изградба на хидроградежни објекти
41.10 - Развој на градежни проекти
71.12 - Инжинерство и со него поврзано техничко советување
03.12 - Риболов во слатководни води
03.22 - Слатководна аквакултура
49.39 - Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место
93.11 - Работа на спортските објекти и
56.30 - Подготовка и послужување на пијалаци

Правна рамка за извршување на горенаведените дејности се црпат од повеќе Закони и подзаконски акти од кој со посебна важност се издвојуваат

1. Закон за јавни претпријатија
2. Закон за водостопанство
3. Закон за водите
4. Закон за животна средина
5. Закон за рибарство и аквакултура
6. Закон за заштита на природата
7. Закон за шумите
8. Закон за водостопанство
9. Закон за забрана на вршење на нерегистрирана дејност
10. Закон за ветеринарно-медицински препарати
11. Закон за идентификација и регистрација на животни
12. Закон за нус производи од животинско потекло
13. Закон за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води
14. Закон за утврдување на цени на водни услуги
15. Закон за хидрометеоролошка дејност
16. Закон за приватно обезбедување
17. Закон за обезбедување на лица и имот
18. Закон за вработените во јавниот сектор
19. Закон за административни службеници
20. Закон за работни односи

Меѓу задачите на претпријатието е и навремено препознавање на ризиците од корупција и предлагање соодветни мерки за отстранување на ризиците. Планот за спречување на корупција има за цел јакнење на институционалните капацитети со примена на ефикасни антикорупцислти мерки. Претпријатието на превентивен начин ќе ги оспособува и ќе ги јакне институционалните капацитети за ефикасна борба против корупцијата и ќе настојува да развива и применува ефикасни и функционални механизми за намалување на ризиците од корупција, идентификување на причините, условите и на факторите. Посебен акцент во справувањето со корупцијата ќе биде ставен на унапредување на професионалниот интегритет на вработените кои при извршување на задачите треба да применат соодветни знаења, етичко однесување, чесност и да работат во полза на јавниот интерес како и да постапуваат согласно прописите, правилата и професионалните стандарди кои се применупаат во претпријатието. Секој вработен треба да покажува висок степен на интегритет во работењето, да го почитува етичкиот кодекс на однесување и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

Со годишниот план се утврдени областите каде најчесто постои ризик од појава на корупција:

- Постапките за вработување ,
- Постапките за јавни набавки,
- Непочитување на постапки и процедури и акти за етичко однесување,
- Финансиско упрапување и контрола

**1. Постапки за вработување**

Заради спречување на корупција и судир на интереси, при спроведување на постапките за вработување ќе се почитуваат следните начела:

- Начело на законитост

Вработените во претпруијатието, распоредени во сектори и одделенија согласно усвоената Систематизација, треба да ги вршат работите и работните задачи во огласност со Уставот, законите и други прописи донесени врз основа на закон.

- Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност.

Во согласност со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.

- Начело на стручност и компетентност

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапката на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место

- Начело на професионална етикa, непристрасност и објективност

При извршувањето на работите и на работните задачи, вработените треба да задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и континуирано и домаќинско располагање со средствата наменети за обавување на дејностите на претпријатието, и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди

- Начело на спречување судир на интереси

Вработените не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси.

**2. Постапки за јавни набавки**

Службеното лице не смее да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка.

Системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

- Начело на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди

економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на финансиските средства/

- Начело на транспарентност

Договорниот орган ги реализира постапките за јавни набавки на транспарентен начин и во согласност со одредбите на законот за јавни набавки

- Начело на еднаков третман и недискриминација на економските оператори

Договорниот орган обезбедува еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката за јавна набавка и во однос на сите елементи од понудата, земајќи го предвид заемното признавање и сразмерност на барањата во врска со предметот на набавка.

Со цел да се заштити јавниот интерес и да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисокото ниво на транспарентност, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на јавните набавки како и зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки.

**3.Непочитување на постапки и процедури и акти за етичко однесување,**

Секое вработено/именувано лице треба да се стреми кон доследно почитување на Кодексот за административни службеници – за вработените кој се согласно соодветните звања влегуваат во категоријата на административни службеници, а останатуите вработени – даватели на услуги и помошно технички персонал треба постојано да се стремат да постапуваат и работат како добри и грижливи домаќини и секогаш да рабоат во интерес на корисниците.

Доследно почитување на сите интерни акти со кој се регулира овој сегмент од работењето.

Целокупното непрофесионално однесувањье на вработените по сите основи и на сите кои се ангажирани во работата во самото претпријатие, фрла сенка врз нивниот интегритет и може да внесе сомнеж за компетентноста на институцијата. Воедно треба да се избегнува секаков можен конфликт на интереси со одбивање на подароци што би можеле да имаат влијание врз интегритетот на вработените.

**4.Финансиско управување и контрола**

Финансиското управување и контрола е збир на одговорности на раководителот на субјектот да воспостави и имплементира процедури за постигнување целосна контрола во работењьето врз основа на принципот на стабилно финансиско управување и контрола. Стабилно финансиско управување и контрола е транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположивите средства.

Системот на внатрешни контроли го спроведуваат раководството, помошниците директорот на претпријатието, раководителите на секторите,

раководителите на одделенијата и сите вработени.

Системот на финансиско управување и контрола, се однесува на внатрешните контроли вградени во работните процеси со цел да се спречат незаконски, неправилни, неекономични, неефикасни и неефективни одлуки и постапки. Сиетемот на финансиско управување и контрола се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа на претпријатието, а ги опфаќа сите средства на субјектот.

Со воспоставувањето на системот на финансиско управување и контрола се пропишува начинот на одвивање на работните процеси, се утврдува кој е одговорен за спроведување на поединечните активности во процесот и роковите во кои е потребно да се спроведат како и преглед на контролите кои се воспоставени во одреден работен процес. Тоа од една страна обезбедува транспарентност на работењето, односно одвивањето на работните процеси, а од друга страна покажува кои контроли се воспоставени, а кои контроли треба да се воспостават во иднина, заради остварување на целите и подобрување на работењето на претпријатието. За таа цел изработени се повеќе акти во согласност со постоечките законски прописи, на процеси во кои се опфатени активностите за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во претпријатието, пресметка на плати, обработка на фактури и движение и контрола на финансиската документација, начинот на користење, чување и управување со движниот имот на самото претпријатие, евиденција на работно време и сл.

Во контекст на погоре изнесеното од исклучителна важност е да се истакне грижата за пополнување на работните места кои согласно пропишаните работни обврски придонесуваат за успешно и целосно воспоставување на процесот на управување со финансиите и контролата во насока на поделба на должностите и одговорностиге се со цел обезбедување на ефикасни контроли и континуитет на активностите.

Надзорот на активностите поврзани со воспоставуваюето на системот за финансиско управување и контрола, како и запознавање со проблемите поврзани со неговото воспоставување и изнаоѓање начини за нивно решавање, во рамките на претпријатието, се спроведува преку тековно односно редовно известување на координативни состаноци и колегиуми на кои се презентира напредокот на планираните активности.

Претпријатието одговорно го води процесот на управување со финансиските средства преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност. Отчетното упрапување со јавните финансии е од големо значење и во таа насока претпријатието се грижи за ажурно навремено и точно споделување на информации.

**Активности за спречување на корупцијата**

Мерките за спречување на корупцијата ќе бидат во насока на унапредувањ на професионалноста и стручноста на вработените преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционираюе на секаква форма на корупција во претпријатието и тоа:

- Почитување на Уставот и законите
- Јакнење на интегритетот на вработените
- Почитување на воведените процедури за работа на работните процеси во ЈП " Стрежево"- Битола
- Јакнење на контрола и надзор на јавните набавки
- Јакнење на принципите на отчетност и транспарентност по работењето на ЈП " Стрежево"- Битола
- Почитување на кодек‹сот на етика за вработените како и кодексот за етичко однесување на лица именувани од страна на Владата на РСМ (членови на одборот за финансиска контрола и управниот одбор)
- Преземање на дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко

Заради јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето сите вработени не смеат да ги користат дадените овластувања со цел стекнување лична корист, и имаат обврска да се спротивставаат на секаква форма на корупција во рамките на претпријатието. Во таа насока значајно е анализирањето на ситуации кои може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на служ‹бени работи и задачи, и потребно е навремено преземање мерки за отстранување на можност за судир на интереси и корупција.

- Во насока на поголема транспарентност ЈП " Стрежево"- Битола, и понатаму ќе продолжи со објавување на веб страницата, навремени и релевантни информации поврзани со неговата работа.

-

ЈП " Стрежево"- Битола

Претседател на управен одбор

Раде Христовски